## МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

Врз основа на член 37 став (9) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/10, 162/10 и 157/2011), министерот за информатичко општество и администрација донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ЕЛЕМЕНТИ НА ЗАПИСНИК ОД ИЗВРШЕН ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

### Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и задолжителните елементи на записникот од извршен инспекциски надзор.

### Член 2

Записникот од извршен инспекциски надзор се изготвува на Образец и ги содржи следните елементи:
- назив и седиште на органот кој го врши надзорот;
- податоци за субјектот на надзорот (даночен број, ЕМБС, жиро с-ка, депонент и тел./факс);
- број и датум на записникот;
- назив „Записник од извршен инспекциски надзор“;
- основ од материјалниот закон врз основа на кој се врши инспекцискиот надзор;
- местото, денот и часот кога е извршен надзорот;
- предметот на надзорот;
- присутни лица при вршењето на надзорот (име и презиме на инспекторот односно службеното лице овластено за вршење на надзорот, странките и нивните застапници - полномошници);
- наод на утврдената фактичка состојба при инспекцискиот надзор и евентуално изречените мерки, доколку со материјалниот закон не е уредено донесување решение;
- забелешка на лицата што учествуваат во вршење на дејствијата по читање на записникот;
- потпис на присутните лица и на инспекторот – овластеното лице и
- место за печат.

Образецот на записникот од став 1 на овој член е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

### Член 3

Записникот од извршен инспекциски надзор треба да биде составен читливо, јасно и разбирливо.

### Член 4

Записникот од извршен инспекциски надзор го потпишува инспекторот и овластеното присутно лице од субјектот на надзорот.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.18-4310/1
22 ноември 2011 година
Скопје

Министер за информатичко
општество и администрација,
м-р **Иво Ивановски** , с.р.